РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL QENDRA KONZERVATORE-SHKUP
Бр.-Nr. 01-345/1
18.05.2026 год./viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016 и 35/18 и 198/18) и членовите 28 став 2 точка 5 од Законот за култура ("Службен весник на Република Македонија" бр.31/1998,49/2003, 82/2005, 24/2007, 15/2008, 116/2010, 47/2011, 51/2011, 136/2012, 23/2013, 44/2014, 61/2015, 154/2015, 39/2016, 11/2018 и 11/2018), вд директорот на Националната установа, Конзерваторски центар-Скопје донесе

# ПРАВИЛНИК

за измена и дополнување на Правилникот бр.01-564/1 од 27.08.2020 година за систематизација на работните места и Правилникот бр.01-619/1 од 26.08.2024 година за измена и дополнување на Правилникот бр.01-564/1 од 27.08.2020 година за систематизација на работните места во НУ Конзерваторски центар-Скопје

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот бр.01-564/1 од 27.08.2020 година за систематизација на работните места и Правилникот бр.01-619/1 од 26.08.2024 година за измена и дополнување на Правилникот бр.01-564/1 од 27.08.2020 година за систематизација на работните места во НУ Конзерваторски центар-Скопје.

**Член 2**

Во Членот 6 став (2) од Правилникот, делот број на систематизирани извршители на работни места даватели на услуги се менува, и тоа:

Во став (2) се менува бројот на извршители на следните нивоа:

- нивото Д2 број на систематизирани извршители 4 се менува и гласи 5 систематизирани извршители;
- нивото Д3 број на систематизирани извршители 18 се менува и гласи 17 систематизирани извршители.

**Член 3**

Во Табеларниот приказ на работните места во Националната установа, Конзерваторски центар–Скопје, во Сектор за конзервација и реставрација, во ИНДОК Центар, во работното место Документатор, Стручен работник за обработка на документација, со реден број 22, шифра на работно место КУЛ 03 04 Д03 004 звање на работно место Документатор со број на извршители 2 се менува и гласи :

| 1. СЕКТОР ЗА КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА |
| --- |
| 4.1 ИНДОК Центар |

| | |
| --- | --- |
| Реден број | 22 |
| Шифра | КУЛ 03 04 Д03 004 |
| Звање на работно место | *Документатор* |
| Назив на работно место | **Стручен работник за обработка на документација** |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Високо – Хуманистички науки – Историја и археологија |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Работа на обработка и чување на документација |
| Работни задачи | • Прибирање, средување, селектирање, систематизирање, обработка на документацијата за културното наследство и неговата заштита по видови, односно фондови, компјутерска обработка на податоците за неа и за содржините во неа според утврдена методологија;<br>• учествува во подготвување апликации, информации, извештаи, осврти, програми и други видови стручно-аналитички материјали во врска со документацијата за културното наследство<br>• дава релевантни информации за културното наследство и неговата заштита и користење врз основа на расположивата документација и податоците за тоа;<br>• се грижи за правилно водење и чување на досиеата за културното наследство, за процесите за дигитализација на културното наследство како и за благовремено обновување, умножување, преснимување, микрофилмување и други облици на заштита на односниот вид документација<br>• подготвува и обработува материјали за презентација и популаризација на културното наследство и негова заштита. |
| Одговара пред | Раководител на сектор за конзервација и ревитализација/директор |

**Член 4**

Во Табеларниот приказ на работните места во Националната установа, Конзерваторски центар–Скопје, во Сектор за конзервација и реставрација, во ИНДОК Центар, по работното место со реден број 22, шифра на работно место КУЛ 03 04 Д03 004

звање на работно место Документатор, се додава ново работно место 22 А кое гласи :

| 2. СЕКТОР ЗА КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА |
|---|
| 4.1 ИНДОК Центар |

| | |
|---|---|
| Реден број | 22А |
| Шифра | КУЛ 03 04 Д02 004 |
| Звање на работно место | *Виш документатор* |
| Назив на работно место | **Стручен работник за обработка на документација** |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Високо – Хуманистички науки – Историја и археологија |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Работа на обработка и чување на документација |
| Работни задачи | • Врши сложени стручни работи и задачи за обработка на документацијата за културното наследство и неговата заштита и користење, особено подготвува методолошки основи, стандарди, нормативи и обрасци за вршење на работите и унапредување на методологијата и информатичкото работење;<br>• врши подготовка и контрола на податоците што се внесуваат во соодветните бази на податоци, како и ревизија на изготвената и предадената документација од аспект на нејзината уредност и компатибилност;<br>• раководи со стручните тимови од областа на документацијата и нејзината дигитализација;<br>• учествува во изработката на компјутерски програми и целокупното информатичко работење на установата;<br>• води и учествува во реализацијата на меѓународни, национални и други заеднички проекти во врска со документирањето на културното наследство, обработката на документацијата и податоците за истото и со неговата заштита и користење. |
| Одговара пред | Ракводител на сектор за конзервација и ревитализација/директор |

**Член 5**

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот, се вршат измени и дополнувања и во Табеларниот преглед, кој е доставен како Прилог на овој Правилник.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Управниот одбор на НУ Конзерваторски центар–Скопје и Министерството за јавна администрација.

**ВД ДИРЕКТОР**
**Љиљана Китановска**
**Конзерватор-советник**

**ПРИЛОГ**

**ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР – СКОПЈЕ**

| Р. б р. | шифра | Звање и/или назив на р.м. | Број на систем. р.м. | | | Број на пополнети. р.м. | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Адм ин. Сл. | Дават. на услуги | Пом. Тех. пе | Адм ин. Сл. | Дават. на услуги | Пом. Тех. пе |
| 1 | 03 04 Д01 009 | Раководител на сектор | | 1 | | | / | |
| 2 | 03 04 Ѓ02 002 | Техничар-конзерватор | | 1 | | | 1 | |
| 3 | 03 04 Д03 003 | Конзерватор | | 14 | | | 5 | |
| 4 | 03 04 Д02 003 | Виш конзерватор | | 4 | | | 3 | |
| 5 | 03 04 Д01 003 | Конзерватор советник | | 9 | | | 6 | |
| 6 | 03 04 Д03 007 | Водич | | 2 | | | 2 | |
| 7 | 03 04 Д03 004 | Документатор | | 1 | | | 1 | |
| 8 | 03 04 Д02 003 | Виш документатор | | 1 | | | | |
| 9 | 03 04 Ѓ02 005 | Библиотекарски помошник | | 1 | | | 1 | |
| 10 | 01 02 Б04 001 | Раководител на одд.за општи, правни и адм.работи | 1 | | | 1 | | |
| 11 | 01 02 В01 002 | Секретар-правник | 1 | | | / | | |
| 12 | 01 02 В03 005 | Соработник-Технички секретар | 1 | | | 1 | | |
| 13 | 01 02 В04 012 | Помлад соработник за документација | 1 | | | / | | |
| 14 | 01 02 Г01 010 | Архивар | 2 | | | 1 | | |
| 15 | 04 01 Б02 004 | Магационер | | | 1 | | | 1 |
| 16 | 04 01 Б03 001 | Хигиеничар | | | 1 | | | 1 |
| 17 | 04 01 Б01 002 | Билетопродавач | | | 2 | | | 2 |
| 18 | 01 02 В02 002 | Виш соработник за админ, општи и правни работи | 1 | | | / | | |
| 19 | 04 02 А01 001 | Чувар | | | 2 | | | 2 |
| 20 | 04 01 Б02 003 | Домаќин | | | 1 | | | 1 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | 01 02 В01 004 | Одговорен сметководител | 1 | | | / | | |
| 22 | 01 02 Г03 006 | Благајник | 1 | | | 1 | | |
| ВКУПНО | | | 9 | 34 | 7 | 4 | 19 | 7 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL QENDRA KONZERVATORE-SHKUP
Бр.-Nr. 02-363/3
02.06.2026 год./viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основ на член 36 став 1 точка 5 од Законот за култура (Службен весник на РМ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), Управниот одбор на НУ Конзерваторски центар - Скопје на осумнаесетата седница одржана на 02.06.2026 година донесе

## О Д Л У К А

Се усвојува и се дава согласност на Правилникот бр.01-345/1 од 18.05.2026 година за измена и дополнување на Правилникот бр.01-564/1 од 27.08.2020 година за систематизација на работните места и Правилникот бр.01-619/1 од 26.08.2024 година за измена и дополнување на Правилникот бр.01-564/1 од 27.08.2020 година за систематизација на работните места во НУ Конзерваторски центар-Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

НУ Конзерваторски центар-Скопје го изработи Правилникот бр.01-345/1 од 18.05.2026 година за измена и дополнување на Правилникот бр.01-564/1 од 27.08.2020 година за систематизација на работните места и Правилникот бр.01-619/1 од 26.08.2024 година за измена и дополнување на Правилникот бр.01-564/1 од 27.08.2020 година во НУ Конзерваторски центар-Скопје, согласно упатствата на Министерството за јавна администрација.

На осумнаесетата седница, УО на НУ Конзерваторски центар-Скопје, го разгледа гореспоменатиот правилник за измена и дополнување и донесе одлука како во диспозитивот.

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УО**

**М-р Киро Ристов**

**Кустос-советник**

Република Северна Македонија

**Министерство за**
**јавна администрација**

До: НУ Конзерваторски центар Скопје

15.07.2026

Архивски број: 09-1020/7
Датум: 12.06.2026 година

01 345/3

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), член 20 и член 28 точка 6 од Законот за именување и дополнување на Законот за организација и работа на органите („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 121/24 ) Министерството за јавна администрација дава:

## СОГЛАСНОСТ

**на**

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во **НУ Конзерваторски центар Скопје, со архивски број 01-345/1 од 18.05.2026 година**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**НУ Конзерваторски центар Скопје,** поднесе барање до Министерството за јавна администрација за добивање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места .

Министерството за јавна администрација го разгледа доставениот акт и констатира дека истиот е во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите од јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за**
**јавна администрација**

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за јавна администрација дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места **НУ Конзерваторски центар Скопје, со архивски број 01-345/1 од 18.05.2026 година .**

**Министер за јавна администрација**
**Горан Минчев**

**Изработил:Ана Чубриноска**
**Согласен : Емилија Чукиќ**
**Одобрил : Маја Рисова Мутлулар**


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk